**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: г. Оливер СПАСОВСКИ, генерален секретар**
**на Социјалдемократски сојуз на Македонија**

**УПП бр. 03-92**

**Скопје 04.04.2014г.**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилози емитувани на 29 и 30 март 2014 година, во вестите на МРТ**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка број 03-373/1 од 01.04.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 01.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-92, ве известуваме за следново:

Во вестите на МРТ1 на 29 и 30 март 2014 година, Агенцијата регистрираше два прилога во кои се спомнуваат имиња на кандидати за пратеници, носители на листи и анкети. Имено, на 29 март е емитуван прилог во кој неофицијално ги објавуваат имињата на кандидатите за пратеници, носители на листите од ВМРО-ДПМНЕ, а на 30 март прилогот е за тоа дека ВМРО-ДПМНЕ ги објавил своите листи со кандидати за пратеници. Во двата прилога се реферира на анкети со кои располага партијата кои наводно велат дека носителите на листи од ВМРО-ДПМНЕ се во предност 3:1 во однос на нивните конкуренти од опозициската партија. Конкретни податоци за рејтингот на секој од нив не се спомнуваат. Целта на прилозите воопшто не е да соопштат резултати од испитување на јавното мислење, и затоа не може да се третираат по член 77 од Изборниот законик. Начинот на кој се направени прилозите (отстапеното време, врамувањето, тонот) ќе биде составен дел на оценката дали Јавниот радиодифузен сервис при покривањето на изборите обезбедил рамноправен пристап во информативната програма.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до Јавниот радиодифузен сервис

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул. ВМРО бр.3**
**1000 Скопје**
**Република**
**Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**